Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

# Извадок на дел дневните настани 17.08.2022

На 16.08.2022 во 11.20 часот полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 30-годишниот тетовец Н.К.. При претрес извршен со судска наредба во неговиот дом во Тетово била пронајдена марихуана. Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен поднесок.

Вчера (16.08.2022) во 19.25 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода М.М.(20) од Скопје.
За него била распишана централна потерница по наредба од Основен кривичен суд Скопје. Тој се барал за издржување на казна затвор во траење од една година и шест месеци за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". Лицето ќе биде спроведен во казнено-поправна установа за издржување на затворската казна.

Денеска (17.08.2022) во 02.20 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода Т.Н.(21) од Скопје, затоа што кај неа била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

Вчера (16.08.2022) во 18.25 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Џ.(45) од Скопје. За него била распишана централна потерница на барање на Основниот кривичен суд Скопје, со која се барал за издржување на казна затвор во траење од две години. Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за издржување на затворската казна.

На 16.08.2022 во 21.50 часот, во ОВР Кичево лишен од слобода е Ќ.А.(40) од кичевското село Туин. При преглед на патнички автомобил „мерцедес", со кичевски регистарски ознаки, што тој го управувал, извршен на регионалниот пат Кичево-Македонски Брод, кај селото Бигор-Доленци, полициски службеници пронајдоа и одзедоа ќесе со кокаин. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.08.2022 во 20.20 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Н.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.08.2022 од страна на полициски службеници од ОВР Струга приведен е И.М. од Струга. За него била добиена судска наредба од Основниот суд во Струга, со која се барал за издржување на затворска казна. Тој е предаден на казнено-поправната установа Затвор Теферич за издржување на затворска казна.

На 16.082022 во 21.50 часот, во СВР Охрид приведени се В.К.(38) од охридското село Велгошти и А.Д.(28) од селото Долно Лакочереј. При преглед на возило „киа пиканто", во кое биле двајцата, извршен во близина на селото Скребатно, полициските службеници кај В.К. пронашле и одзеле ќесе со марихуана. По целосно документирање на настанот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.08.2022 полициски службеници од Полициското одделение Чашка го лишиле од слобода З.Н (49) од Чашка, поради сторено кривично дело по член 235 став 3 „кражба на дрва". Во 01.20 часот била извршена контрола во неговиот трактор со велешки регистарски ознаки, кој го управувал, при што во неговата приколка биле пронајдени и одземени дрва без соодветен жиг и документација. Лицето е приведено во полициската станица во Велес и по целосно документирање на настанот ќе следи соодветна пријава.

На 16.08.2022 околу 22.00 часот, на улица „Борис Кидрич", во близина на Железничката станица во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 47-годишниот М.К. од Република Грција, кај кого при преглед му била пронајдена марихуана, по што бил задржан во Полициската станица Тетово и против него ќе следува соодветен поднесок.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (16.08.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 143 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 33 санкции, 14 мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли. Изречени се пет мерки за нерегистрирани возила, девет санкции за непочитување на првенство на минување, шест мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 16.08.2022 во 19.20 часот било пријавено дека на автопатот Скопје–Неготино, после клучка Градско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген", со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од Е.Д.(53) од Валандово и товарно возило „рено", со полски национални ознаки, управувано од З.Р.(49) од Полска. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Е.Д., констатирани во Општата болница во Велес. Извршен бил увид од увидна екипа од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Велес.

На 16.08.2022 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 26 прекршоци, од кои 14 надвор од населено место и 12 во населено место. Санкционирани биле и 20 други видови на прекршоци, од кои 2 за управување нерегистрирано возило, 9 за управување возило без возачка дозвола, 1 за возач почетник, 3 за некористење заштititен шлем и 5 за непрописно паркирање.

На 16.08.2022 во 20.30 часот било пријавено дека во Кочани на ул.„Стево Теодосиевски" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило од такси служба и електричен тротинет управуван од малолетник од Кочани. Во несреќата малолетникот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничкиот центар во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 16.08.2022 во 15.15 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.Д.(60) од Скопје пријавила дека на кејот на река Вардар била касната од куче скитник.

На 16.08.2022 од страна на полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција - Сектор за недозволена трговија со дрога и оружје - Единица за недозволена трговија со дрога, во координација со тимови од ОСПО – САЕ „Тигар" и СВР Битола, лишени од слобода се пет лица, а запленета е дрога во вкупна тежина од околу 250 килограми со проценета вредност од околу 800.000 евра. По добиени информации дека во правен субјект за производство на канабис во медицински цели во Битола се врши производство на марихуана, и покрај донесената одлука и решение од страна на Владата на РСМ на 25.05.2021 за одземање на дозвола за одгледување на канабис за медицински цели, обезбедена е Наредба за претрес од Основен суд Битола. При извршениот претрес на правниот субјект, во една од просториите затекнати се две женски лица во момент на обработка и пакување на сув цвет од канабис, додека во други простории на фабриката е пронајдена голема количина на сув цвет од канабис. Во координација со Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Битола, по комплетирање на целокупната документација против сите инволвирани лица во нелегално производство на марихуана ќе биде поднесена кривична пријава.

На 17.08.2022 во 00.30 часот во Прилеп на спортски терен на ул.„Димитар Влахов" од полициски службеници од ОВР Прилеп - Одделение за недозволена трговија трговија лишени се од слобода А.М.(22) и А.С.(22), двајцата од Прилеп, бидејќи кај А.М. е пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе биде изготвена пријава, поради сомнение за сторено кривично дело по чл.215 од Кривичниот законик.

На 17.08.2022 во 01.05 часот во Прилеп во угостителски објект на ул.„Февруарски поход" полициски службеници од ОВР Прилеп, Одделение за недозволена трговија го лишија од слобода Б.С.(33) од Прилеп, бидејќи кај него била пронајдена марихуана. Лицето е приведено во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.08.2022 во 14.00 часот М.А.(69) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Центар бил физички нападнат од О.М.. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Во текот на изминатата вечер (16/17.08.2022) во рамки на Оперативниот план „Безбедно лето 2022", во периодот од 21.00 до 04.00 часот, Мобилната единица за безбедност на сообраќајот
на патиштата спроведе акциска контрола на територијата на град Прилеп за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 10 возачи, од кои седум за возење без возачка дозвола. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 16.08.2022 во 17.00 часот И.С.(25) од Скопје пријавил дека на 12.08.2022 околу 02.00 часот кај Железничка станица Скопје бил физички нападнат од Д.А.. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.08.2022 во 10.50 часот во СВР Битола, Б.Б.(61) од Битола пријавил дека ноќта на 15/16.08.2022 бил оштетен крстот во дворот на црквата „Св. Ѓорѓија" во с.Пресил. Полициски службеници излегле на местото на настанот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.08.2022 во 22.00 часот во СВР Скопје од Градската општа болница "8 Септември" било пријавено дека кај нив со повреда бил донесен А.Р.(28) од с.Кондово. Според пријавеното тој со повредата се здобил од залутано зрно во неговиот двор во с.Кондово. Полициски службеници излегле на местото и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против И.Ј. и Д.М. од Пробиштип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги психотропни супстанци и прекусори". На 07.12.2021 во Пробиштип кај пријавените било пронајдено и одземено шише со метадон.

На 16.08.2022 во 14.15 часот Б.Н.(54) од Скопје пријавил дека на 15.08.2022 околу 18.00 часот пред маркет во с.Синѓелиќ, по претходна расправија, неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.08.2022 во 21.30 часот Е.Б.(50) од с.Љубин пријавил дека пред неговиот дом во с.Љубин од залутано зрно била оштетена шофершајбната од возило „шкода октавија", со скопски регистарски ознаки, сопственост на неговиот син. Полициски службеници излегле на местото и се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет